2024033818

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав Добрила Кацарска, претседател на Судот и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 24.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.276 од 21 декември 2022 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија во врска со иницијативата на Кренар Лога од с.Ливади, Струга, со Решението У. бр. 146/2023 од 5 декември 2023 година, поведе постапка за оценување на уставноста на актот означен во диспозитивот од оваа одлука, бидејќи основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

II

На седницата Судот утврди дека со оспорениот правилник на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија се направени измени и дополнувања на основниот текст на Правилникот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 187/2016, 146/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/2019, 198/2019, 63/2020, 202/2020, 303/2020 и 217/2021). Правилникот има 7 члена и сите измени и дополнувања следуваат на начин што одделни одредби се бришат, а дел се менуваат.

Во член 7 од Правилникот е определено дека истиот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Правилникот е заведен со деловоден бр.02-17171/10 од 22 ноември 2022 година, а е објавен во наведеното гласило бр.276/2022 од 21 декември 2022 година.

III

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила, а според став 2 од истиот член, законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Поаѓајќи од наведените уставни одредби произлегува дека објавувањето на законите и другите прописи е во функција на обезбедување на владеење на правото и остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, како претпоставка за правната сигурност на граѓаните и другите правни субјекти.

Самото објавување на законите и другите прописи претставува чин на обнародување на тие акти и нивно ставање на увид на јавноста. Имено законот, а во конкретниот случај прописот со негово донесување, промулгирање (потпишување) и со објавување во службено гласило од јавен интерес, станува применлив акт.

Имајќи го предвид карактерот и значењето на објавувањето на законите и другите прописи, Уставот на Република Северна Македонија утврдил обврска, но и рок тие да се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ како службено гласило на Републиката.

Одредбата за објавувањето на законите и другите прописи во Уставот е предвидена во главата за основните слободи и права на човекот и граѓанинот и тоа во делот за гаранциите на основните слободи и права. Овој факт укажува дека Уставот, на објавувањето на законите и другите прописи не приоѓа како на техничко прашање, туку на прашање кое длабоко навлегува во уставните гаранции на основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Уставната гаранција за објавувањето на законите и другите прописи се афирмира токму преку одредување на временска рамка заради интензивирање на самата постапка на објавувањето.

Во конкретниот случај од приложената и прибавена документација, Судот утврди дека во уводот на оспорениот акт стои дека Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, го донел оспорениот правилник на седница на ден 15 ноември 2022 година, истиот е заведен во Фондот под бр. 02-17171/10 од 22 ноември 2022 година. Актот е објавен на ден 21 декември 2022 година.

Во доставениот одговор од Фондот за здравствено осигурување, се укажува дека во процесот на донесување, давање согласност и објавување на општите акти коишто ги донесува Управниот одбор на Фондот се вклучени повеќе органи и институции и тоа: Управниот одбор на Фондот, министерот за здравство, Агенцијата за примена на јазикот и ЈП „Службен весник на РСМ“, што значи дека во некои случаи изминува подолг временски период од донесувањето на еден општ акт до неговото објавување во „Службен весник на РСМ“.

Оттаму, уставно определениот рок од седум дена од член 52 став 2 од Уставот за објавување на овој пропис истекол, имајќи предвид дека во член 7 од оспорениот правилник е предвидено влегување во сила со денот на објавување, а по добиена согласност од министерот за здравство, Судот утврди дека во овој случај има пречекорување на уставниот рок со оглед на денот кога е донесен актот и кога е објавен. Притоа, фактот што во овој случај станува збор за таканаречени врзани или условени акти или правилник чие влегување во сила и произведување правни последици е условено со добивање на согласност од министерот за здравство не го отстранува сомнението за повреда на член 52 став 2 од Уставот.

Врз основа на изнесеното и утврдената фактичка состојба, Судот оцени дека е пречекорен уставно пропишаниот рок од седум дена за објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, односно оспорениот правилник не е во согласност со член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

У.бр.146/2023
24 јануари 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
Добрила Кацарска, с.р.